

АНАЛИЗА НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ:

# Извештај од истражување на способноста на граѓаните за **препознавање и справување со дезинформации**

# Содржина


**I. Методологија** **3**

**II. Вовед** **4**

**III. Резултати од истражувањето** **5**

А. Извори и степен на информираност 5

В. Изложеност на дезинформации 8

**IV. Демографска дистрибуција** **14**

**V. Анекс 1 - Прашалник за истражување на способноста на граѓаните за препознавање и справување со дезинформации** **16**

# I. Методологија

**Број на прашања:** 13

**Примерок:** N=1010 (18 г.+ испитаници на целата територија на државата)

**Метод:** Телефонска анкета

**Период:** 17-25 октомври 2022

**Статистичка грешка:** ±3%.

# II. Вовед

Овој извештај ги содржи наодите од истражувањето на јавното мислење што се однесува на утврдувањето на способноста на граѓаните за препознавање и справување со дезинформации. Истражувањето има неколку цели, односно да ја утврди свесноста на граѓаните за заканите од дезинформации и нивните техники, нивните извори, финансирање, мотиви и ефекти; да ги утврди знаењето и вештините за препознавање дезинформации, како и однесувањето на граѓаните во однос на дезинформациите, и да ги идентификува практиките на креирање медиумски содржини. Истражувањето е дел од проектот **„Користи факти“**, кој го спроведува Институтот за комуникациски студии во периодот од 2022 до 2025 година, со поддршка од Британската амбасада во Скопје. Проектот има цел да ја зајакне отпорноста на широката јавност и ранливите групи во Македонија кон дезинформациите.

Главните наоди од истражувањето укажуваат на тоа дека поголем дел граѓани повеќе пати дневно се информираат за случувањата од светот. Повозрасната популација најмногу ја интересира политиката, додека младите се најзаинтересирани за музиката. Како извор на информирање најчесто се користи телевизијата, а на второ и трето место се Фејсбук и веб-сајтовите. Граѓаните на возраст од 18 до 44 години најмногу се информираат преку Фејсбук, додека пак телевизијата е најпопуларна кај групата граѓани од 45 до 64 и над 65-годишна возраст.

Што се однесува на довербата во медиумите, повеќе од половина од испитаниците изјавиле дека се сомневаат во сите вести што ќе ги прочитаат. Речиси третина проверуваат како е пренесена веста во другите медиуми, додека само 4% од граѓаните имаат целосна доверба во медиумите и во вестите што ги читаат. Во врска со тоа кој според нив најмногу шири дезинформации, речиси половина од испитаниците одговориле дека политичките партии најмногу шират дезинформации во државата, а на второ место се медиумите.

Повеќе од половина од граѓаните мислат дека понекогаш можат да препознаат дезинформации и сметаат дека понекогаш им се случува тие самите да споделат дезинформации. Гледано според родот, мажите се посигурни дека секогаш можат да препознаат дезинформации во однос на жените. Исто така, граѓаните помалку подлежат на дезинформации и дезинформации на теми поврзани со климатските промени и животната средина, а се поподложни на дезинформации и теории на заговор поврзани со Европската Унија.

# III. Резултати од истражувањето

## А. ИЗВОРИ И СТЕПЕН НА ИНФОРМИРАНОСТ

Поголем дел од граѓаните (44%) за случувањата во светот се информираат повеќе пати дневно, 27% еднаш дневно, 15% неколку пати во неделата, додека 14% од граѓаните воопшто не се интересираат за случувањата во светот. Во групата на граѓани што неколку пати дневно се информираат за случувањата во светот најмногубројни се лицата што имаат над 65 години (63%). Од друга страна, пак, во помладите групи на граѓани позастапени се оние што одговориле дека воопшто не се интересираат за настаните од светот, односно во групите од 18 до 24 години (23%) и 25-34 години (24%). Гледано според етничката припадност, нема голема разлика во степенот на информираност, односно 48% од Македонците и по 36% од Албанците и другите етнички заедници одговориле дека повеќе пати дневно се информираат за настаните од светот.

**Графикон 1:**
**Колку често се информирате за случувањата во светот?**




На прашањето „Кои теми најмногу ве интересираат?“ поголем дел испитаници ги избрале економијата и политиката, по што следуваат спортот, музиката и забавата, а на крај се климата и животната средина. Речиси половина од младите на возраст од 18 до 24 години најмногу ги интересира музиката (48%), додека во групата на лица над 65-годишна возраст најмногубројни се оние што најмногу ги интересира политиката (55%). Гледано според полот, мажите најмногу се интересираат за спорт (52%) и политика (45%), додека пак жените се интересираат за економија (50%) и за музика (42%). Што се однесува на етничката припадност на испитаниците, нема големи разлики во интересите, односно Македонците

(47%), Албанците (51%) и другите етнички групи (38%) на прво место ја избрале економијата, а на второ политиката. Доколку се гледа според работниот статус на испитаниците, вработените со полно работно време (47%) и невработените (36%) се заинтересирани за економијата, пензионерите за политиката (54%), а на учениците/студентите примарен интерес им е музиката 61%.

**Графикон 2:**

**Кои теми ве интересираат најмногу?**




Мнозинството испитаници за настаните во светот најмногу се информираат преку телевизија. На второ место е Фејсбук, а на трето се веб-сајтовите. Телевизијата е најпопуларен извор на информации помеѓу граѓаните на возраст од 45 до 54 години (68%), 55-64 години (86%) и оние над 65-годишна возраст (94%). Од друга страна, пак, Фејсбук е најмногу користен помеѓу возрасните групи од 18 до 24 (55%), 25-34 и 35-44 (по 64%) години. Во групата млади на возраст од 18 до 24 години повеќебројни се оние што ги користат другите социјални мрежи како извори на информирање, односно Јутјуб (29%) и Тикток (23%).

Гледано од аспект на тоа колку често се информираат, телевизијата е најпопуларна кај граѓаните што повеќе пати дневно или еднаш дневно се информираат за настаните од светот. На второ место е Фејсбук, а на трето се веб-сајтовите. Граѓаните што се информираат неколку пати во неделата тоа најчесто го прават преку Фејсбук, а на второ место е телевизијата, иако разликата помеѓу овие две категории е речиси незначителна.

**Графикон 3:**

**Од кои медиуми најмногу се информирате?**




Прашани за нивото на доверба во медиумите од кои се информираат, повеќе од половина од испитаниците одговориле дека се сомневаат во сите вести што ќе ги прочитаат, додека 30% проверуваат дали и како е пренесена веста во другите медиуми. 16% од граѓаните за веродостојноста на веста се советуваат со некого што има познавања за темата/медиумот, додека пак 14% поаѓаат од претпоставката дека вестите мора да се веродостојни штом се објавени, односно дека е извршена проверка на фактите пред објавувањето. Само 7% од граѓаните го проверуваат издавачот, а 6% авторот на веста, додека пак 4% од граѓаните имаат целосна доверба во медиумите и вестите што ги објавуваат.

Анализирано според висината на месечните примања, поголем процент од оние со месечни примања помеѓу 42.001 и 60.000 денари се сомневаат во сè што се објавува (48%) и проверуваат дали и како е пренесена веста во другите медиуми (45%). Мнозинството од граѓаните со месечни примања над 75.000 денари се сомневаат во сè што е објавено, додека пак 31% од нив проверуваат како се пренесени вестите во другите медиуми.

**Графикон 4:**

**Како знаете дека на медиумите од кои се информирате може да им се верува?**




## В. ИЗЛОЖЕНОСТ НА ДЕЗИНФОРМАЦИИ

На прашањето дали сметаат дека можат да препознаат дезинформација или лажна вест, повеќе од половина од испитаниците одговориле дека понекогаш можат да препознаат, додека 22% се сигурни дека секогаш можат да препознаат кога веста не е вистинита, 17% одговориле „ретко“, а 8% сметаат дека не можат да препознаат дезинформации и дезинформации. Гледано според полот, мажите (26%) се поуверени дека секогаш можат да препознаат дезинформации во однос на жените (19%), додека процентот на мажите и жените што мислат дека понекогаш можат да препознаат дезинформации е ист.

**Графикон 5:**

**Дали сметате дека вие лично можете да препознаете кога некоја вест е лажна или е дезинформација?**



Што се однесува на споделувањето дезинформации, една третина од граѓаните одговориле дека воопшто не им се случило да споделат дезинформации, помал дел сметаат дека тоа им се случува често, додека повеќето сметаат дека понекогаш им се случува да споделат вести што се неточни.

**Графикон 6:**
**Колку често Ви се случувало да споделите информации за кои подоцна сте откриле дека се неточни?**




Граѓаните најчесто се чувствуваат вознемирено во случаите кога ќе воочат дека прочитале лажна вест или дезинформација. На 30% од испитаниците им е сеедно, додека по 10% одговориле дека се многу лути/се смеат во таквите случаи. Чувството на лутина и вознемиреност е позастапено кај повозрасните групи на граѓани, споредено со другите, односно 54% од граѓаните постари од 65-годишна возраст изјавиле дека се чувствуваат вознемирено кога ќе откријат дека прочитале лажна вест или дезинформација. Анализирано според висината на месечните примања, на поголем дел испитаници со највисоки месечни примања им е сеедно доколку воочат дека прочитале лажна вест или дезинформација (40%), додека пак другите групи на граѓани најчесто се вознемирени во таквите случаи.

**Графикон 7:**
**Како се чувствувате кога ќе воочите дека нешто што сте прочитале е лажна вест или дезинформација?**



Понудени со неколку наслови за истата вест, поголем дел испитаници би избрале да читаат вест со неутрален наслов. Сензационалистички/лажен наслов би избрале 23% од испитаниците, 17% би читале конспиративна вест, а 19% не знаат или не дале одговор на прашањето. Гледано според нивото на доверба во медиумите и вестите што ги објавуваат, неутралниот наслов би го избрале мнозинството од испитаниците што одговориле дека го проверуваат авторот на веста, 41% од оние што претпоставуваат дека сè што е објавено е веродостојно, по 45% од оние што веруваат на сè што е објавено во медиумите, оние што го проверуваат издавачот на веста и оние што проверуваат како е пренесена веста во другите медиуми, и по 42% од испитаниците што се сомневаат во сè што се објавува и оние што се консултираат со некој што се разбира.

Доколку се анализираат податоците според нивото на образование, поголем дел испитаници со завршени постдипломски студии, докторат или специјализација би читале вест со сензационалистички/лажен наслов (43%). Од друга страна, пак, граѓаните со завршено основно (38%), средно (39%) или високо (49%) образование најпрво би избрале да читаат вест со неутрален наслов.

**Графикон 8:**
**Од следните понудени вести која би ја избрале да ја читате прво?**




Речиси половина од испитаниците сметаат дека политичките партии најмногу шират дезинформации во државата, а на второ место се медиумите. Помал дел граѓани мислат дека државните институции најмногу шират дезинформации, а 13% одговориле дека политичките партии, медиумите и државните институции подеднакво шират дезинформации. Ставот дека политичките партии најмногу шират дезинформации доминира кај повеќе од половината од популацијата над 55-годишна возраст. Од друга страна, пак, најчест одговор кај младите е дека тоа го прават медиумите (39%), иако често се споменуваат и политичките партии (34%). Што се однесува на нивото на образование, поголем дел граѓани што имаат завршено основно (48%), средно (49%) или високо (43%) образование

сметаат дека политичките партии најмногу шират дезинформации, додека пак оние со завршено највисоко ниво на образование (42%) сметаат дека тоа го прават медиумите.

**Графикон 9:**
**Кој најмногу шири дезинформации во Македонија?**




Кога се работи за теми поврзани со климатските промени и животната средина, поголем дел граѓани не подлежат на дезинформации и дезинформации. Па така, повеќе од половина не се согласуваат дека глобалното затоплување не е значајно и дека е проблем што не треба сега да се решава, како и дека луѓето, животните и растенијата можат лесно да се приспособат на глобалното затоплување. Истовремено, помалку од половина испитаници не сметаат дека климатските промени се пропаганда на големите компании.

Граѓаните повеќе се поделени во нивните ставови за дезинформации поврзани со Европската Унија, односно нема поголеми разлики помеѓу оние што се согласуваат или не се согласуваат дека мигрантите ќе ја уништат европската цивилизација и дека ЕУ сака од Северна Македонија да направи камп за мигранти. Најголемата поделеност во ставовите е поврзана со Францускиот предлог, при што разликата помеѓу оние што мислат дека Францускиот предлог ги негира македонските малцинства во другите земји и оние што го мислат спротивното е незначителна.

Исто така, постојат поголеми разлики во ставовите за дезинформациите поврзани со Европската Унија помеѓу етничките групи. Поголем дел Македонци (40%) се согласуваат дека мигрантите ќе ја уништат европската цивилизација и дека ЕУ сака од Македонија да направи камп за мигранти, додека пак мнозинството од Албанците и другите етнички заедници не се согласуваат со овие ставови. Понатаму, речиси половина од Македонците (48%) сметаат дека Францускиот предлог ги негира македонските малцинства во соседните земји, додека пак мнозинството од Албанците и поголем дел од другите етнички заедници не се согласуваат со оваа изјава.

**Графикон 10:**
**Наклонетост кон дезинформации**




Граѓаните се поделени и во врска со нивните ставови за теориите на заговор поврзани со Европската Унија. Па така, разликата помеѓу оние што се согласуваат дека ЕУ ги измислила вакцините за време на коронавирусот како механизам за контрола на граѓаните и оние што не се согласуваат со тоа е незначителна. Од друга страна, пак, 27% од жените и 17% од мажите одговориле дека не се запознаени со веста и треба да ја проверат веродостојноста. Гледано според возраста, мнозинството граѓани на 25-34-годишна возраст (52%) одговориле дека не се согласуваат со изјавата, додека во другите возрасни групи не се големи разликите помеѓу оние што се согласуваат и што не се согласуваат со веста.

Доколку се анализира според висината на месечните примања, во групата на граѓани со пониски месечни примања (до 30.000 денари) 25% би ја провериле

веста, додека пак само 9% од испитаниците со месечни примања над 75.000 денари би ја провериле веродостојноста на веста.

**Графикон 11:**

**ЕУ ги измисли вакцините и карантинот за време на корона за да можат лесно да ги контролираат луѓето?**

| | |
|---|---|
| Да | 39% |
| Не | 38% |
| Не ми е познато треба да проверам | 22% |

Поголем дел граѓани поверувале во дезинформација, односно одговориле дека се согласуваат или не се согласуваат со веста дека поранешниот американски претседател Обама изјавил дека Европската Унија набрзо ќе пропадне (70%). Само 29% одговориле дека веста не им е позната и дека треба да ја проверат.

Доколку овие одговори се споредат со нивото на доверба на граѓаните во медиумите, може да се види дека поголем дел од граѓаните што претпоставуваат дека вестите што ги читаат се веродостојни затоа што се објавени, одговориле дека веста не им е позната и дека треба да ја проверат (42%). Понатаму, дезинформацијата би ја провериле и 31% од оние што воопшто не се сомневаат во точноста на вестите, 20% од граѓаните што го проверуваат издавачот на вестите, 25% од граѓаните што го проверуваат авторот на веста, 36% од оние што се консултираат со некој што има разбирање од темата, 26% од оние што се сомневаат во сѐ што се објавува и 31% од оние што проверуваат како веста е пренесена во другите медиуми.

Гледано според работниот статус на испитаниците, поголем дел од оние што се изјасниле како домаќин/ка (61%) или студент/ученик (38%) одговориле дека би ја провериле изјавата, додека пак другите групи одговориле дека се согласуваат или не се согласуваат со изјавата.

**Графикон 12:**

**Дали се согласувате со изјавата на поранешниот американскиот претседател Обама дека Европската унија набрзо ќе пропадне?**

| | |
|---|---|
| Да | 36% |
| Не | 34% |
| Не ми е познато треба да проверам | 29% |
| НЗ / НО (НЕ ЧИТАЈ) | 1% |

# IV. Демографска дистрибуција

| | | |
|---|---|---|
| Пол | Машко | 49% |
| | Женско | 51% |
| Возраст | 18-24 | 10% |
| | 25-34 | 17% |
| | 35-44 | 17% |
| | 45-54 | 17% |
| | 55-64 | 17% |
| | 65+ | 22% |
| Националност | Македонска | 63% |
| | Албанска | 26% |
| | Друга | 11% |
| Работен статус | Вработен/а со полно работно време | 50% |
| | Вработен/а со пола работно време | 2% |
| | Невработен/а | 16% |
| | Ученик/студент | 5% |
| | Пензионер/ка | 25% |
| | Домаќин/ка | 2% |
| Регион | Вардарски | 8% |
| | Источен | 9% |
| | Југозападен | 8% |
| | Југоисточен | 11% |
| | Пелагониски | 12% |
| | Полошки | 13% |
| | Североисточен | 8% |
| | Скопски | 30% |
| Место на живеење | Град | 62% |
| | Село | 38% |

| | | |
|---|---|---|
| Образование | Нема формално образование | 1% |
| | Завршено основно образование | 14% |
| | Завршено средно образование | 54% |
| | Завршено факултет/виша школа | 28% |
| | Завршено постдипломски студии, докторат или специјализација | 3% |
| Вкупен месечен приход во семејството | До 18.000 денари | 19% |
| | Од 18.001 до 30.000 денари | 24% |
| | Од 30.001 до 42.000 денари | 18% |
| | Од 42.001 до 60.000 денари | 15% |
| | Од 60.001 до 75.000 денари | 7% |
| | Над 75.001 денар | 6% |
| | Не знае/ нема одговор | 11% |
| Брачен статус | Во брак | 70% |
| | Вдовец (а)/разведен (а) | 14% |
| | Не сте во брак | 17% |
| Број на членови во семејството | Еден член | 7% |
| | 2 члена | 17% |
| | 3 члена | 16% |
| | 4 члена | 30% |
| | 5+ члена | 29% |

# V. Анекс 1 - Прашалник за истражување на способноста на граѓаните за препознавање и справување со дезинформации

**1. Колку често се информирате за случувањата во светот?**

1. Еднаш дневно
2. Повеќе пати дневно
3. Неколку пати во неделата
4. Воопшто не се интересирам
5. Не знае/нема одговор

**2. Кои теми најмногу ве интересираат? (повеќекратен избор)**

1. Спорт
2. Музика
3. Политика
4. Клима и животна средина
5. Забава
6. Економија
7. Друго ______________

**3. Од кои медиуми најмногу се информирате? (повеќекратен избор)**

1. ТВ
2. Весник
3. Радио
4. Фејсбук
5. Јутјуб
6. Тикток
7. Твитер
8. Тајм.мк и слични портали (агрегати на вести)
9. Веб-сајтови
10. Колеги, пријатели, роднини
11. Инстаграм
12. Друго______________

**4. Како знаете дека на медиумите од кои се информирате може да им се верува?**

1. Претпоставувам дека тоа што го читам е веродостојно затоа што е објавено
2. Не се сомневам бидејќи сè што е објавено во медиумите е точно
3. Го проверувам издавачот на веста
4. Проверувам дали е потпишан авторот на текстот
5. Се советувам со некој што се разбира
6. Се сомневам во сè што се објавува
7. Проверувам дали и како е пренесена веста во други медиуми

**5. Дали сметате дека вие лично можете да препознаете кога некоја вест е лажна или е дезинформација?**

1. Да, секогаш
2. Понекогаш
3. Ретко
4. Не можам
5. Не знам/нема одговор

**6. Колку често Ви се случувало да споделите информации за кои подоцна сте откриле дека се неточни?**

1. Често
2. Понекогаш
3. Воопшто
4. Не знам/нема одговор

**7. Како се чувствувате кога ќе воочите дека нешто што се прочитале е лажна вест или дезинформација?**

1. Многу сум лут/а
2. Ме вознемирува
3. Сеедно ми е
4. Се смеам
5. Не сум имал/а такво искуство
6. Не знам/нема одговор

**8. Од следните понудени вести која би ја избрале прво да ја читате? (инструкција до испитаникот „нема неточен одговор - одберете го првиот избор што ќе ви дојде на ум“)**

1. ОТКРИЕНА НОВА ПЛАНЕТА НА КОЈА МОЖЕ ПОСТОИ ЖИВОТ?!!!! (сензација, лажна вест)
2. Што сакаа ПЕНТАГОН и НАСА ДА скријат за новата откриена планета? (заговор)
3. Истражувањата на новооткриената планета укажуваат на докази за можен живот (неутрална вест)
4. Не знае/нема одговор

**9. Кој најмногу шири дезинформации во Македонија?**

1. Медиумите
2. Политичките партии
3. Државните институции
4. Сите наведени
5. Друго____________
6. Не знам/нема одговор

## 10. Колку се согласувате со следните изјави (се согласувам - не се согласувам)

| | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Глобалното затоплување не е значајно бидејќи како и порано во делови од годината е студено | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| За проблемот на глобалното затоплување треба да мислат идните генерации | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Луѓето, животните и растенијата лесно може да се приспособат доколку се случи глобално затоплување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Климатските промени се само пропаганда за големите компании да продаваат нови „зелени“ технологии | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Глобалното затоплување е реален проблем, но Македонија е премногу мала за да може да смени нешто | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

## 11. Колку се согласувате со следните изјави

| | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Ниту се согласувам ниту не се согласувам | Се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| Мигрантите ќе ја уништат европската цивилизација и култура | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| ЕУ сака од Македонија да направи голем камп за мигранти | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| „Францускиот предлог“ ги негира македонските малцинства во соседните земји | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**12. Дали се согласувате со изјавата на поранешниот американски претседател Обама дека Европската Унија набрзо ќе пропадне? (одговорите не се читаат)**

1. Да
2. Не
3. Не ми е познато, треба да проверам
4. Не знам/нема одговор

**13. „ЕУ ги измисли вакцините и карантинот за време на коронавирусот за да можат лесно да ги контролираат луѓето“**

1. Да
2. Не
3. Не ми е познато, треба да проверам
4. Не знам/нема одговор

Институт за
комуникациски
студии

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти

www.iks.edu.mk

info@iks.edu.mk

British Embassy
Skopje

UKaid
from the British people

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.